РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1236/1
17-03-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2484/1 од 12.09.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за незаконитости во постапка за прекин на работен ангажман на службено лице во основно училиште, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапил друг надлежен орган – Државниот инспекторат за труд.

Предметот со број 12-2484/1 од 12.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.09.2025 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапка за прекин на работен ангажман на службено лице во основно училиште и оформен е предмет број 12-2484/1 од 12.09.2025 година. Наводите во пријавата се однесуваат на постапка за прекин на работниот ангажман на лицето /// во ООУ /// – ///, каде ова лице наводно било ангажирано како правник, при што не било исполнето ниту неговото право на годишен одмор.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување податоци и информации до Државниот инспекторат за труд.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
По претставка поднесена од истиот подносител, со наводи во кои се содржани и наводите од пријавата доставена до ДКСК, постапил Државниот инспекторат за труд. При извршен вонреден инспекциски надзор над субјектот, бил составен Записник /// од /// година.
Фактичката состојба утврдена во Записникот упатува на тоа дека службеното лице /// во ООУ /// – ///, почнувајќи од 01.02.2023 година заклучно со 31.08.2025 година било ангажирано на определено работно време на работното место секретар со работни задачи определени и опишани во актот за систематизација на работните места, врз основа на три одделни договори.
Во однос на наводите за незаконски прекин на работниот ангажман на ///, во Записникот е утврдено дека последниот договор помеѓу ова лице и училиштето, за ангажман на определено работно време на работното место секретар со работни задачи определени и опишани во актот за систематизација на работните места, бил склучен во септември 2024 година, за ангажман во периодот од 01.09.2024 година до 31.08.2025 година.
Во однос на наводите за неисполнување на правото на годишен одмор, државниот инспектор за труд констатирал дека се целосно неосновани. Имено, во Записникот ИП1 /// од /// година на Државниот инспекторат за труд е утврдено дека /// имал поднесено Барање за користење годишен одмор на 14.07.2025 година, со кое побарал користење на годишен одмор од 15 дена, во периодот од 21.07.2025 година до 11.08.2025 година. Во врска со ова Барање работодавачот донел Решение од /// година, со одобрува користењето на годишниот одмор. Истовремено, во периодот за кој било поднесено барањето, службеното лице користело боледување и покрај тоа што работодавачот изготвил решение за користење на годишен одмор.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапил друг надлежен

орган којшто утврдил дека наводите содржани во пријавата доставена до ДКСК не се потврдуваат.

Следствено, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

